**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ФИСКАЛЕН СИСТЕМ” (ПРАКТИКУМ ЗА ВЕЖБИ)**
**ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р МИЧО АПОСТОЛОВ И Д-Р ЗОРАН ТЕМЕЛКОВ,**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА,**
**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2602 – 890/12 од 117. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, одржана на 8 август 2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– доц. д-р Драшко Атанасоски, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
– вонр. проф. д-р Круме Николовски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис „**ПРАКТИКУМ ЗА ВЕЖБИ – ФИСКАЛЕН СИСТЕМ” од доц. д-р Мичо Апостолов и д-р Зоран Темелков,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот **„Практикум за вежби - Фискален систем“** е наменет главно за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика, кои го изучуваат предметот Фискален систем. Предметот се изучува во третиот семестар, во втора година, на насоките Бизнис логистика и Бизнис администрација. Предметот, согласно со предвидената студиска програма, е изборен предмет со фонд на часови 2+1+1.

**Податоци за обемот ракописот:** Ракописот се состои од 12 практични задачи распоредени на 40 страници, при што секоја вежба е во согласност со Наставната програма по предметот Фискален систем. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Ariel, големината на буквите е 12. Ракописот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата што се поставуваат пред студентите од насоките Бизнис логистика и Бизнис администрација, а кои се однесуваат на реализација на наставните часови во рамките на изборниот предмет Фискален систем. Трудот е изготвен и согласно со одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Појавата на должничката криза во Европа ја наметна потребата за полесно разбирање на причините кои се одговорни за појавата. Во согласност со Наставната програма за предметот во кој се изучува проблематиката од областа на јавните финансии, односно фискалниот систем, ракописот ја задоволува потребата за полесно совладување на изучуваниот материјал. За таа цел, трудот е креиран врз основа на потребата од учебно помагало кое би овозможило подобро разбирање на теоретските и практичните аспекти при функционирањето на фискалниот систем. Според наши сознанија, ваков практикум наменет за вежби по предметот Фискален систем на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Вежбите се дефинирани со цел полесно да се совлада материјата и адекватна примена на теоретското знаење во анализа на реални ситуации за проблематики поврзани со фискалниот систем.

На крајот од секоја задача (вежба) е посочена областа во која студентите треба да имаат стекнато знаење, преку разработка на материјалот кој е опфатен во е-скриптата „Фискален систем". Задачите во практикумот, исто така, вклучуваат и многубројни примери кои имаат за цел да ја приближат изучуваната материја до студентите. Секоја задача се состои од теми кои треба да се аргументираат од страна на студентите, со цел оформување на личен став во однос на проблематиките поврзани со функционирањето на еден фискален систем. Исто така, се посочени и прашања кои треба да бидат дискутирани за време на вежбите, каде што студентите треба да земат активно учество.

Темите и прашањата кои се посочени за разработка во задача 1 се насочени кон совладување на основните концепции на јавните финансии. Преку задача 2 се овозможува разработка на материјалот поврзан со начинот, целите и функционирањето на фискалната политика во една земја, како и ефектите кои произлегуваат од насоката на фискалната политика.

Во задача 3 се става акцент на најважните аспекти поврзани со функционирањето на фискалниот систем, додека задача 4 последователно е насочена кон разработка на материјата поврзана со различните видови на даночни системи. Задача 5 ги дефинира основните принципи кои треба да бидат исполнети од страна на даночниот систем, како и причините кои би можеле да доведат до потребата за промени во даночниот систем. Совладување на материјата поврзана со причините и потребата од фискална децентрализација е цел која треба да биде исполнета преку исполнување на задача 6. Осознавањето на карактеристиките на различните даночни системи кои се имплементирани во развиените земји и земјите во развој е цел на разработување на темите и прашањата во задача 7. Задача 8 е формулирана на начин на којшто студентите ќе можат да го утврдат досега стекнатото знаење, преку студија на случаи. Разбирањето на ефектите кои можат да произлезат од несоодветна фискална политика е цел на разработка на темите и прашањата во задача 9. Знаење за функционирањето и потребата на фискална унија, студентите треба да го стекнат преку разработување на темите кои се дефинирани во рамките на задача 10. Претпоследната задача од овој ракопис дефинира теми и прашања во однос на фискалната политика и фискалниот систем на Република Македонија, со што студентите би го утврдиле стекнатото знаење за даночниот систем на Република Македонија. За исполнување на барањата во последната задача, односно задача 12, студентите треба да го искористат целокупното знаење со кое се стекнале при изучувањето на предметот Фискален систем, и на тој начин да ги осознаат пропустите што постојат во нивното знаење, со што би биле во состојба подобро да се подготват за испитот од предметот Фискален систем.

Сите 12 задачи опфатени во овој ракопис ја заокружуваат предвидената Наставна програма по предметот Фискален систем, преку што се согледува соодветната употребата на овој ракопис како учебно помагало по предметот Фискален систем.

## З А К Л У Ч О К

Учебното помагало „ПРАКТИКУМ ЗА ВЕЖБИ – ФИСКАЛЕН СИСТЕМ" од доц. д-р Мичо Апостолов и д-р Зоран Темелков претставува сеопфатна целина на материјата поврзана со изучување на фискалниот систем, кој е од посебна важност за финансирањето на активностите на државата. Авторите направиле успешна комбинација на теоретскиот и практичниот аспект на проблематиката, со цел приближување на предметната материја до студентите, со што би им се овозможило полесна изучување на предметната материја и нејзина примена во практичната работа. Се надеваме дека на овој начин, преку изучување

на конкретната проблематика, студентите ќе се стекнат со соодветни знаења кои ќе можат да ги применат во понатамошното изучување на останатите предметни дисциплини, како и професионалниот развој. На останатите заинтересирани лица кои се соочуваат со практични проблеми од наведената проблематика овој материјал ќе им овозможи полесно разбирање на основните концепти и проблеми обработени во ракописот. Од оваа причина, препорачуваме практикумот да биде објавен.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип да му предложиме учебното помагало со наслов „Практикум за вежби – Фискален систем“ од доц. д-р Мичо Апостолов и д-р Зоран Темелков да го одобри за издавање како рецензиран практикум.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Драшко Атанасоски, доцент на**
**Факултет за туризам и бизнис логистика,**
**Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, с.р.**

**Д-р Круме Николовски, вонреден професор на**
**Економски факултет,**
**Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, с.р.**